**ИНСТИТУТ ЗА СТАНДАРДИЗАЦИЈА**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

# ПРАВИЛНИК

# ЗА НАЧИНОТ НА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ВИСИНАТА И ПЛАЌАЊЕТО НА ЧЛЕНАРИНАТА

Скопје, јуни 2004 год.

Врз основа на член 25, став 1, алиниеа 8 од Статутот на Институтот за стандардизација на Република Македонија, Советот на Институтот за стандардизација на Република Македонија на седница одржана на 16 Јуни 2004 год. донесе

# ПРАВИЛНИК

## ЗА НАЧИНОТ НА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ВИСИНАТА И ПЛАЌАЊЕТО НА ЧЛЕНАРИНАТА

### Член 1

Со овој правилник се уредува начинот за определување на висината и плаќањето на членарината за членство во Институтот за стандардизација на Република Македонија (во понатамошниот текст Институт).

### Член 2

Секое правно и физичко лице, како и здруженијата на граѓани кои се членови на Институтот плаќаат членарина.

### Член 3

Висината на членарината се определува според следните критериуми:

а. **Претпријатија,** се пресметува врз основа на следната табела:

Табела бр.1

| **Мали претпријатија (до 50 вработени)** | **Средни претпријатија (0д 51 до 250 вработени)** | **Големи претпријатија (повеќе од 250 вработени)** |
|---|---|---|
| 20 единици | 40 единици | 60 единици |

б. **Образовни институции**, се пресметува врз основа на следната табела:

Табела бр.2

| **До 500 студенти** | **Над 500 студенти** |
|---|---|
| 10 единици | 20 единици |

в. **Институти-установи**

Членарината се пресметува како процент од средната просечна плата во Република Македонија за претходната година

г. **Здруженија на граѓани и физички лица**

Членарината се пресметува како процент од средната просечна плата во Република Македонија за претходната година.

**Член 4**

Членарината се плаќа еднаш годишно, најдоцна до 30 мај во тековната година за тековната година.

**Член 5**

Советот на Институот, секоја година одлучува за висината на финансиската единица за пресметка на членарината за претпријатијата и образовните институции, како и за процентот од средната просечна плата во Република Македонија за пресметка на членарината за институтите-установите, здруженијата на граѓани и физичките лица**.**

**Член 6**

Кога членарината не е платена до утврдениот рок во тековната година и после две последователни писмени опомени, Советот му предлага на Собранието да донесе одлука за исклучување на членот.

**Член 7**

Овој правилник влегува во сила со денот на неговото донесување.

Скопје, **Претседател на Советот**

16 Јуни 2004 год. Софија Кузмановска